КАРПОШ УРБАН

Весник на локалната самоуправа
септември-октомври 2015,
бр. 56-57 • година 7



МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

ISSN 1857-6753

39. РОДЕНДЕН НА КАРПОШ

КАРПОШ ДОМАЌИН НА ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ

Со пригодна свечена церемонија и во присуство на многу видни личности од државата и од светот на шахот, на 17 октомври, во хотелот „Александар Палас“ официјално беше отворено Европското клупско шаховски првенство чиј покровител е Општина Карпош, а организатор шаховскиот клуб „Гамбит Асеко СЕЕ“. Овој голем шаховски шампионат прв го поздрави Претседателот на Владата на Република Македонија Никола Груевски кој во своето обраќање од името на граѓаните на Македонија рече:

„Морало да има некое време кога луѓето биле полубогови, инаку не би бил измислен шахот“. Во духот на кажаното тој изрази задоволство што се наоѓа меѓу врвни 500 шахисти од 46 земји кои во наредните денови ќе водат „битка на умовите“.

Пред присутните шахисти и гости се обрати и Претседателот на Европската шаховска федерација Зураб Ајзмапарашвили кој низ емотивен и инспиративен говор и се заблагодари на Општина Карпош која веќе има долга традиција во организирањето на познатиот турнир „Опен Карпош“, за успешната организација на овој настан и за сé што прави за афирмација на шахот.

Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски изрази голема благодарност на Владата на Република Македонија, Градот Скопје и Агенцијата за млади и спорт за поддршката што ја дадоа за овој Европски шаховски куп.

-Чест ми е да ве поздравам и да ви се заблагодарам за присуството на овој извонредно значаен спортски настан, втор по големина кој се организира во нашата држава, по 20-тата шаховска олимпијада која се одржа во Скопје во далечната 1972 година рече на почетокот Јакимовски. Тој се заблагодари за довербата што ни ја укажа Европската шаховска федерација кога одлучи да ја додели организацијата на една ваква голема шаховска мани-





фестација на Општина Крпош. Јакимовски ги наброја сите напори кои ги вложи локалната власт во изминатите години за развој на шахот во Македонија и во Општината почнувајќи од училишните лиги во шах, преку шаховските турнири, а првенствено преку веќе брендираниот „Опен Карпош", којшто успеа да се вброи меѓу 10-те најуспешни турнири во Европа.

Новиот европски клупски првак во шах во машка конкуренција е ШК „Сиберија" од Русија, а во женска конкуренција шаховскиот клуб „Нона" од Грузија. Шаховскиот клуб во женска конкуренција од Карпош „Гамбит Асеко СЕЕ" успеа да ја одбрани честа на домаќинот и покровителот на ова Европско клупско шаховско првенство и да го освои второто место и сребрениот медал.

Победниците на овој европски шампионат „Сиберија" од Русија кај шахистите и „Нона" од Грузија кај шахистките ги добија и победничките пехари од организаторот – Општина Карпош, и преодните пехари од Европската шаховска Федерација, кои им ги врачија градоначалникот Стевчо Јакимовски и претседателот на Европската шаховска федерација Зураб Ајзмапарашвили.

В.Ц.



ОД МОЈ АГОЛ



Почитувани сограѓани,

Изминатите два месеци, животот на нашата општина го одбележаа два извонредно значајни настани. Карпош беше домаќин и организатор на Европското клупско првенство во шах, нешто што се доверува само на најуспешните, најдокажаните и најдоверливите луѓе во сферата на спортот. На големи држави и мегаполиси. Овој пат, благодарение на реномето што го стекнавме со пет успешни организирања на меѓународно реномираниот шаховски турнир „Карпош Опен", успеавме да ја добиеме довербата од Европската шаховска федерација и да бидеме домаќини на неколку стотини шахисти од цела Европа и светот, од кои 25 „топ" шахисти од светските рејтинг листи. Турнирот помина во беспрекорна организација и со милионска следеност и афирмација.

Вториот голем настан ни беше одбележувањето на 39 годишнината од конституирањето на локалната самоуправа. Временски период достоен за почит. Тоа се речиси четири децении на раст и развој на една локална самоуправа, која од една мала општина израсна во вистински урбанистички голијат. Но, тоа не значи дека тука запревме или имаме намера да запреме. Токму спротивно: како расте Карпош, така имаме се повеќе и повеќе обврски. Растат потребите на граѓаните, за инфраструктура, за нови и помодерни училишта, градинки, фасади, коловози... Ние сето тоа го правиме. Некогаш, сме и чекор пред времето. Ги антиципираме сите потреби на современиот живот. Токму затоа, ние сме први во имплементација на стандардите за енергетската ефикасност на колективните и индивидуални станбени објекти, први во реконструкција на сите основни училишта. Сега на ред се градинките, при што четири веќе реконструиравме, на ред се другите. Ние, први воведовме бесплатни ужинки, бесплатни еднодневни екскурзии, лидери сме во социјалната инклузија, по бројот, но и по квалитетот на хуманитарни акции за социјално загрозените семејства, за лицата со попреченост во развојот, болни, стари и изнемоштени. Таа социјална и хумана компонента никогаш не ја заборавивме. Локаланата власт е најблиска до граѓаните. Ние, меѓу другото, и за тоа постоиме. Во Карпош нема нереконструирана улица, имаме километри изградени фекална и атмосферска канализација, Карпош е најчистата и најзелена општина, и уште зазеленуваме.

Општина Карпош стана најпосакувано место за живеење, но и барана дестинација за инвестиции, во трговски центри, во образовни и во здравствени институции од европски и светски калибар. Според тоа, колку имаме клинички центри, високообразовни институции, основни училишта, градинки, ние слободно можеме да кажеме дека сме „град во Градот". Тоа е само уште една потврда дека парите на граѓаните со кои најодговорно менаџираме се дадени во вистинска насока: во развојот на Карпош.

Роденденот на општината го славевме со мноштво манифестации од хуманитарен, забавен и еколошки карактер и во славењето се обидовме да вклучиме што повеќе наши сограѓани: спортисти, ученици, занаетчии. Се разбира достојно, ги пречекавме и нашите гости од седумте збратимени градови од соседството Тиват, Нови Београд, Тријадица од Софија, Стари Град Сараево, Травник, Сремски Карловци и Врњачка Бања. Ни направија голема чест и ни го увеличаа празникот.

Сите овие славења и чествувања не не одалечија од секојдневието. Паралелно, ние продолжуваме со интензивна изградба на инфраструктурата. Во ова двомесечје работевме на изградба на хидрофорска станица во Средно Нерези, на реконструкција на тротоари на улици во населба Трнодол, на изведба на паркинг за 50 возила во рамките на ТЦ Карпош 3 (Лептокарија), на реконструкција и асфалтирање на улицата Леринска, на реконструкција на тротоари на улиците Трнодол, Кнез Хатсон, Константин Презвитер и Поп Богомил, како и на реконструкција со асфалтирање на улицата Струшка и на изведба на фекална канализација на улицата Прашка.

Се надеваме дека до јули идната година, ќе ја добиеме комплетно вселива и новата општинска зграда, онаква каква што заслужува нашата администрација како прв сервис на граѓаните.

Вашиот градоначалник, Стевчо Јакимовски

ВО ОВОЈ БРОЈ



ВО ФОКУСОТ

КАРПОШ ДОМАЌИН НА ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ 2



ВЕТЕНО-СТОРЕНО

„ИНФРАСТРУКТУРНАТА ОФАНЗИВА“ 6



ДЕНОВИ НА ОПШТИНА КАРПОШ

КАРПОШ - ГРАД ВО ГРАДОТ 11



ИНТЕРВЈУ

Момчило Бајагиќ-Бајага

САКАМ ДА ПРАВАМ ФИЛМСКА МУЗИКА 18



СПОРТОРАМА

ОДБОЈКАРСКИ КУПСКИ ПЕХАР ЗА ООУ „ЛАЗО ТРПОВСКИ“ 31



Издава Општина Карпош
Ул. Радика бр. 9
1000 Скопје, Р. Македонија
тел.: 02 / 30-55-901
факс: 02 / 30-71-040
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки совет
Ристо Иванов
Зоран Костов
Димче Мешковски
Томе Груевски
Бојан Милошевски

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Редакција
Мила Глигорова
Ива Манова
Јоана Станиќ
Живко Трајановски

Технички уредник
Зоран М. Гулевски

Лектура
Ангелина Николовска
Живко Трајановски

Фотографија
Ива Манова
Амел Амед

„ИНФРАСТРУКТУРНАТА ОФАНЗИВА“

Во рамките на „инфраструктурната офанзива“ која е во ек на територијата на Општината, почна изградба на атмосферска и фекална канализација на неколку улици во Влае 1. Проектот чини 11,5 милиони денари ќе ги реши проблемите на граѓаните кои живеат во населбата Влае, односно на улиците Франц Прешерн, Корушка и Влае.

Проекти во инфраструктурата, кои во моментот се реализираат на територија на Општина Карпош, се и улиците: Прашка, Струшка, Алжирска и Багдатска, но ќе се градат и скалите во Жданец, за кои е подготвен европски лик. Продолжува и реконструкцијата на старите фасади и на покривите, а Нерези доби нова хидрофорска станица.



Тротоари на ул „Прашка“



Асфалтирање на ул„Струшка“



Астмосферска канализација на ул„Франц Прешерн“



Паркинг ТЦ„Лептокарија“



Фасада „Илинденска“



Тротоари во н. Трнодол



Асфалтирање на ул „Леринска“



Општинската зграда



Хидрофорска станица во Горно Нерези



СОВРЕМЕН ЛИК ЗА СКАЛИТЕ ВО ЖДАНЕЦ

„Станува збор за еден дел во населбата Жданец кој со децении е запуштен, а со тоа и деградиран во неговата основна функција.

-По извршениот увид и анализи, констатирано е дека е неопходна суштинска реконструкција, но и збогатување и разубавување на содржините во овој дел од Жданец. Заради тоа, во проектот се проектирани комплетно нови скалила изведени од антиклизен и пескарен гранит, комплетно нова заштитна ограда, ново електрично осветлување изведено со штедливи ЛЕД светилки, како и 18 нови жардиниери поставени во седум различни вертикални позиции со 4000 цветни садници. Тука, секако, треба да наброиме и поставување на комплетно нова урбана опрема изведена од модерни материјали и современ изглед како и поставување на нова инфо - табла.

Реконструкцијата ќе се однесува на површина од 2000м2, односно целата скалишна површина дополнета со жардиниерите како нов хортикултурен и естетски елемент во аранжманот на овој дел од Жданец.“ Основниот проект за реконструкција на скалите во Жданец, е авторско дело на архитектот Игор Василевски и претставува естетски и архитектонски одговор на потребите и барањата на жителите на Општина Карпош.



ОТВОРЕН КРЕАТИВНИОТ ЦЕНТАР КАРПОШ



Деновиве, официјално почна со работа Креативниот центар Карпош, на чие отворање, меѓу другите, присуствуваа градоначалникот Стевчо Јакимовски и идејниот творец на КЦК проф. д-р Зоран Поповски, претседател на Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Карпош.

Центарот практично почна да функционира со отворањето на првата, (една од десетте) единици во рамки на Креативниот центар Карпош кои ќе бидат лоцирани во сите 10 училишта на територија на Општина Карпош, а тоа беше Центарот за рециклажа кој ќе функционира во рамки на ООУ „Јан Амос Коменски“. Неколку ученици, во таа пригода експериментираа, за да најдат начин како да се рециклира загадена вода, крвен отпад, хартија и како да се открие присуство на некои загадувачи во водата. Според градоначалникот Стевчо Јакимовски, Општина Карпош со отворањето на овој Креативен центар, прави уште еден револуционерен чекор во образованието. Имено, по вложените 7 милиони евра во изградба и реконструкција на сите 10-те основни училишта на нејзина територија во последните неколку години, со што се обезбедија европски услови за школување на децата од Карпош, по обезбедувањето на бесплатни ужинки и еднодневни екскурзии за учениците, сега се формира и Креативниот центар Карпош, рече првиот човек на локалната самоуправа.

За таа цел Општината од сопствениот буџет издвои средства во износ од 2 милиони денари. Тоа се средства наменети за најдобрите и најкреативните млади луѓе кои се моторот на развој на една земја, објасни пред присутните проф. д-р Зоран Поповски.

Во рамки на Креативниот центар Карпош беше отворена и Еколошка станица која ќе биде стационирана во просториите на ООУ „Вера Циривири Трена“. При нејзиното отворање се одржа и работилница за изведување хемиски експерименти за наставниците по хемија од сите основни училишта, а ќе послужи во воннаставните активности на професорите и учениците кои сакаат да стекнат дополнителни практични знаења во оваа научна област.

На отворањето на Еколошката станица проф. д-р Методија Најдоски од Институтот за хемија од ПМФ –Скопје одржа кратко предавање за експериментите кои ги изведуваа професорите по хемија. Беа претставени десет експерименти: изолирање на лековитите елементи од аспирин апчиња, т.н. хемиска градина, сино шише, хемиски вулкан, вуш шише, деформирање на лименка, огнена топка, каталитичка оксидација на амоњак, паметна (мускул) жица и слонова паста за заби.

До крајот на годината во функција ќе бидат ставени и Астрономската опсерваторија при ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“, пластеникот за производтсво на здрава храана во ООУ „Братство“, Домот за животни во ООУ „Лазо Трповски“, Ботаничката градина во ООУ „Петар Поп Арсов“, Центарот за климатски промени при ООУ „Димо Хаџи Димов“, Центарот за аудио-визуелна уметност во ООУ „Владо Тасевски“, Центарот за историја и археологија при ООУ „Војдан Чернодрински“ и Центарот за ликовна уметност и ракотворби при ООУ „Аврам Писевски“.

Ова, како што изјави Поповски, е оргинална иницијатива и единствен ваков центар, не само во Македонија туку и во регионот, а можеби и пошироко.

Во опремувањето на лабораторијата помогнаа: Ве-Да институтот, Д-р Пановски, Пакомак, Факултетот за земјоделски науки и храна и Истражувачкиот центар за генетско инженерство и биотехнологија при МАНУ. На ваков начин се воспоставува конкретна соработка помеѓу училиштата, бизнис секторот, научните установи и локалната самоуправа.

В. Цветковска



КАРПОШ - ГРАД ВО ГРАДОТ

Со пригодна свечена академија, во хотелот „Александар палас“, Општина Карпош го одбележа денот на конституирањето на Општината. Со тоа заврши и двонеделното чествување на празникот 3-ти ноември, датумот кога е конституирана општината уште пред 39 години.

И како што Карпош знае и практикува, во тој период беа организирани од страна на општинската администрација, 22 различни активности, спортски турнири, уметнички изложби, поетски читања, еколошки акции на зазеленување, односно садење дрвја, крводарителни и хуманитарни акции, голем гала концерт на познатиот рок мајстор Момчило Бајагиќ –Бајага, детско цветно дефиле, фолклорни вечери, избор на најталенти од училиштата. Сé онака како што умее и практикува Карпош. Роденденот е повод кога сите карпошани од најмала до најстара возраст, треба да слават и чествуваат. Да се среќни и радосни што живеат во најурбаната општина во градот, која нејзиниот прв човек, „општинскиот татко“ ја нарече: Карпош е Град во Градот. И се славеше!

В.Ц.





Посета на збратимени општини, 9-ти ноември



Хуманитарна акција пред поголемите маркети, 31.10 и 01 .11



Доделување на 110 хуманитарни пакети, 5-ти ноември



Пензионерски игри, 20-ти октомври



Крводарителска акција, 30-ти октомври



Доделување стипендии на спортисти и талентирани ученици , 4-ти ноември



„Карпош има талент“, 6-ти ноември
I место: Ведран и Катерина Старковски и Давид Огненовски -ООУ „Х.Т.Карпош“
II место: Дора Спасовска - ООУ „Јан Амос Коменски“;
III место: Бисера Атанасова ООУ „Лазо Трповски“



Посета на Домот за стари лица „Мајка Тереза“, 2-ри ноември



Манифестација „Вешта рака“, 6-ти ноември



Садење дрвја во Карпош 4, 7-ми ноември



Цветно дефиле (Плоштад „Делфина“), 9-ти ноември



Фолклорна вечер 8- ми ноември

МКУД „Цветан Димов“



Фолклорно студио „Етнос“



АКУД „Мирче Ацев“

СТОЛЕ ПОПОВ, ЗАСЛУЖЕН ГРАЃАНИН НА ОПШТИНА КАРПОШ

„Да се добие признание од фелата, е вообичаена, очекувана работа. Такви сум добивал многу. Но, да добиеш признание од своите сограѓани, од својата општина, од своите соседи, без притоа ниту да си аплицирал, ниту поим да немаш, навистина е нешто што многу ми значи. Бев навистина пријатно изненаден и возбуден кога ми се јавија од мојата општина и кога ми кажаа дека сум прогласен за залужен граѓанин на Карпош за 2015 година. Ви благодарам многу!“

Со овие зборови, во краток емотивен говор исполнет со возбуда и искрена благодарност, мајсторот на големото платно, познатиот режисер Столе Попов и се заблагодари на Општина Карпош и на градоначалникот Стевчо Јакимовски за златната плакета „Заслужен граѓанин на Карпош“ за 2015 година, која му беше врачена на 9-ти ноември, на Свечената академија по повод 39 годишнината од постоењето на Општината.

Во пригодниот омаж за него остана запишано дека режисерот Столе Попов е роден во 1950 година во Скопје, во семејство на филмски работници - дедото Стојан, професионален фотограф на почетокот на 20-от век, и таткото Трајче, камерман и режисер, еден од пионерите на југословенските и македонските документарни филмови.

Во допир со филмската магија уште од детството, желбата за филм му се раѓа веќе во младешките години и спонтано се развива.

Во интервјуто за списанието „Тајм“ од 2012 ќе каже: „Како дете никогаш не верував во вербална комуникација. Не ме интересираше да ги слушам луѓето како зборуваат, она што ме привлекуваше беше нивното однесување, гестикулации и емоции. Ме привлекуваа човечките лица, малите и небитни гестови и реакции, речиси невидливи за човечкото око .“

Откако дипломирал филмска режија на Академијата за театар, филм и телевизија во Белград, од 1978 до 1988 работи како режисер во „Вардар Филм“, а во 1985 и 1986 бил и директор на оваа филмска куќа.

Кариерата ја започнува со документарни филмови, кои освојуваат бројни награди и оставаат силен впечаток на целиот простор на тогашна Југославија. Од првиот, „Алкалоид“, во 1974 година, „Оган“ во 1974, „Австралија, Австралија“ во 1976 до „Дае“ во 1979, филм кој му донесе номинација за Оскар, тој ќе се закити и со Гран при на фестивалите во Оберхаузен и во Љубљана, злато на филмскиот фестивал во Белград, сребрен бумеранг на фестивалот во Мелбурн и специјална диплома на филмскиот фестивал во Лондон.

Овој филм му обезбеди и ново поглавје во неговата кариера – играни филмови.



Неговиот прв игран филм е „Црвениот коњ“, во 1981 година. Како што ќе каже реномираниот филмски критичар Илинденка Петрушева: „Во никој случај не е дебитантско дело по своите несомнени драмски и визуелни квалитети.“

Со вториот игран филм, „Среќна Нова '49“, Попов го достигнува врвот во кариерата, а следи и втората номинација за Оскар, покрај голем број награди од други реномирани филмски фестивали. Овој филм останува едно од најдобрите достигнувања во југословенскиот филм досега.

Со „Тетовирање“ во 1991 и „Џипси Меџик“ во 1997, Столе Попов го потврдува своето место во врвот на Балканската кинематографија.

По подолга пауза, се враќа со „До балчак“ и уште еднаш покажува дека суеверно владее со магијата наречена филм.

Попов остава суптилен „потпис“ во сите свои играни филмови, појавувајќи се во епизодни улоги, во стилот на Хичкок.

Покрај врвните филмски остварувања и повеќе од 50 награди и признанија на врвни европски и свестки фестивали, Столе Попов значаен придонес во развојот на македонската кинематографија и со својата долгогодишна улога како професор по филмска режија на Факултетот за драмски уметности во Скопје. Од неговата катедра излегоа многу нови генерации на македонски режисери. Тој е еден од основачите на првата приватна продукциска куќа “Триангл филм“ и член на Европската филмска академија од 1997 година.

Столе Попов е карпошанин, еден од плејадата заслужни граѓани, уметници спортисти, политичари, професори,академици инженери, градители на убавиот дел од македонската историја, оние кои директно влегуваат во аналите, и кои зад себе оставаат длабока креативна трага за Карпош, за Македонија, за себе.

Виолета Цветковска



40 СТИПЕНДИИ ЗА НАЈТАЛЕНТИРАНИТЕ

Традиционално, секоја година локалната самоуправа им доделува стипендии на најталентирани ученици во образованието и во спортот од основните училишта во Општина Карпош. На пригодна свеченост во училиштето ООУ „Војдан Чернодрински“, градоначалникот на Карпош, Стевчо Јакимовски, по седми пат, им ги врачи одлуките за доделување стипендии на 40 –тина најнадарени ученици и спортисти и притоа им порача:

„Наша цел е со овие стипендии што ги даваме во Општина Карпош да ги потикнеме младите да знаат дека во животот треба да се потпираат на сопствениот труд, и дека трудот што го вложуваат ќе биде верифициран. Во моментов тоа го вреднува Општина Карпош на тој начин што го забележува нивниот труд и нивниот талент и финансиски го поддржува. Да се надеваме дека во наредниот временски период, низ нивниот развој сето ова ќе биде поттик уште повеќе да се трудат во одредена област да станат специјалисти како во науката, во спортот, во културата или во некоја друга област“.

Општина Карпош стипендиите ги доделува според строго утврдени критериуми, преку јавен оглас и максимално објективно, изјави Јакимовски.

Ива Манова

Стипендии за талентирани ученици

Ангела Гроздановски-„Христијан Тодоровски Карпош“; Ева Заткоска-„Петар Поп Арсов“; Ана Крстевска-„Вера Циривири Трена“; Јана Христовска-„Јан Амос Коменски“; Елеонора Данаиловска-„Петар Поп Арсов“; Васил Стрезов-„Петар Поп Арсов“; Екатерина Лукарова-„Лазо Трповски“; Давид Јовановиќ-„Христијан Тодоровски Карпош“; Давид Де Јонг Канг-„Петар Поп Арсов“; Ана Софеска-„Вера Циривири Трена“; Алексеј Кубелка-„Јан Амос Коменски“; Матеа Шутарова-„Лазо Трповски“; Марија Димитрова-„Вера Циривири Трена“; Матеј Предовиќ-„Војдан Чернодрински“; Евгенија Трајковска-„Владо Тасевски“; Ања Шулајковска-„Петар Поп Арсов“; Иван Јовановски-„Петар Поп Арсов“; Кристина Конева-„Вера Циривири Трена“; Оља Михаиловиќ-„Димо Хаџи Димов“; Јана Ѓуроска-„Јан Амос Коменски“; Софија Иванова-„Јан Амос Коменски“; Нина Толевска-„Владо Тасевски“; Мартина Мицевска-„Братство“; Итан Шулајковски-„Петар Поп Арсов“;

-Учениците се 8 и 9 одделение

- Сите се втора категорија (2.000 ден) освен последниот Итан Шулајковски, кој е прва категорија (2.500 ден)


Стипендии за спортисти

Жарко Аврамоски – „Лазо Трповски” Фудбал; Јоан Божиновски – „Јан Амос Коменски” Кошарка; Марко Стојчески– „Лазо Трповски” Фудбал; Матеја Дамчевски – „Јан Амос Коменски” Пливање; Давид Ристовски – „Аврам Писевски” Фудбал; Ивана Манова – „Војдан Ченодриснки”, Шах; Андреј Ангелковиќ – „Лазо Трповски” Кошарка; Бојана Маројевиќ – „Лазо Трповски” Одбојка; Кирил Петрески – „Вера Циривири Трена” Фудбал; Кристијан Ангелов – „Вера Циривири Трена” Кошарка; Стефани Пецалевска – „Владо Тасевски” Одбојка; Емилија Чешмециевска – „Лазо Трповски” Карате; Мила Ристановска – „Петар Поп Арсов” Одбојка; Ана Јаневска – „Вера Циривири Трена” Пливање; Филип Џамтовски – „Димо Хаџи Димов” Фудбал; Ана Ристевска – “Вера Циривири Трена” Тенис;

ЛИКОВНА КОЛОНИЈА „СВЕТИ ПАНТЕЛЕЈМОН“

Општина Карпош во соработка со Детскиот ликовен центар ја организираше традиционалната деветта по ред детска сликарска колонија „Свети Пантелејмон“. Триесеттина деца, млади надежни сликари од кои 21. од десетте општински основни училишта од Карпош и девет од четирите збратимени општини Тиват, Нови Београд, Стари Град - Сараево и Травник од БиХ, три дена беа гости на Општината и креативно се дружеа во рамки на оваа ликовна манифестација. Инспирирани од убавините на манастирот Св.Пантелејмон, од Скопската чаршија и од дузина други знаменитости од Општината и Градот, тие ги пренесуваа своите импресии со вештите раце на платно, под будните очи на своите професори по ликовно образование и ментори. Во опуштена атмосфера, на крајот од колонијата, претседателот на Детскиот ликовен центар Владимир Лазоски и сликарот и професор Хараламие Манчевски свечено им ги врачија дипломите на сите учесници на овој традиционален културен настан. Посебни благодарници за сесрдната поддршка на детската ликовна колонија добија: Општина Карпош, градоначалникот Стевчо Јакимовски, претседателот на Советот на Општина Карпош - Сашо Лазаревски, раководителот на Секторот за дејности од јавен интерес, Анета Марковска Илиевска, претседателот на Комисијата за култура, советникот Горан Михајлов, како и советникот Зоран Поповски, како еден од најголемите лобисти за опстојување на оваа манифестација. **М.Г.**





„САРАЈЕВСКО ОГЛЕДАЛО“ ГО ПОЧЕСТИ КАРПОШ

Во рамки на Деветтата ликовна колонија „Свети Пантелејмон“, на 19-ти септември свечено се отвори изложба на слики на ликовните трудови на познатиот сараевски академски сликар Зекеријах Налиќ. Изложбата беше насловена „Сарајевско огледало“, а претставува збир на дела изработени на дрво кое е симнато од сараевските капии, поточно т.н. „Вратнички капии“. Летвата на која се изработени ликовните творби од животот на Сараево, градот и портите каде што израснаа: Хари Мата Хари, Дино Мерлин, Кемал Монтено... и многу други уметници кои го отпеаја овој сегмент од босанската метропола, е стара најмалку 100 години. Изложбата на академскиот сликар Зекеријах Налиќ ја отвори претседателот на Комисијата за култура при Советот на Општина Карпош, Горан Михајлов, кој упати голем поздрав до присутните љубители на добрите сликарски дела и се заблагодари што Општина Карпош има чест да соработува со уметник од висок калибар. Општина Карпош, заедно со Детскиот ликовен центар, се организатори на сликарската колонија „Свети Пантелејмон“ на која учествува и Налиќ. Тој, во знак на благодарност за гостопримството и можноста за отворање на неговата изложба која е многу значајна за него, но и за цело Сараево, со скромен подарок ја поздрави Општината и целата реализација на овогодинешната ликовна колонија. **М.Г.**

Момчило Бајагиќ–Бајага



САКАМ ДА ПРАВАМ ФИЛМСКА МУЗИКА

Тоа што свиревме за Општина Карпош, за роденденот на Општината, е вистинската работа што ја направивме и се надевам дека луѓето уживаа

· За Вас во Македонија, кажано со музички речник важи „увек радо виђен гост“. Дали љубовта е заемна?

- Да, секако. По сплет на околностите, јас почнав професионално да свирам во далечната 1978 година во бендот „Рибља чорба“, при што првата турнеја ми беше токму во Македонија. Тогаш имав само 18 години и оттогаш редовно доаѓам во Македонија и така веќе речиси 40 години. Во Македонија имам многу пријатели, навистина сакам да доаѓам во Скопје, но и во другите градови во Македонија. Ние сме бенд кој постои долго време и тука имам мноштво луѓе со кои и соработувам, така што навистина гостувам со задоволство.

· Во Македонија сте биле многупати, но втор пат сте гостин на Општина Карпош. Како се чувствувате тука? Ви се допаѓа?

- Овде е искрено кажано - одлично. Јас не знаев многу за скопските општини, но Влатко Стефановски ми рече дека тоа е неговата општина и претпоставував дека живее во убава општина. Минатиот пат настапувавме заедно и навистина беше добро. Се сеќавам дека тогаш свиревме заедно во спортскиот центар „Форца“ во Карпош исто така по ваков голем повод, а сега настапивме на плоштадот „Делфина“ во Влае. Сега Влатко не можеше да биде со нас, има некои свои професионални обврски, но ние со задоволство прифативме да дојдеме.

Пред некој ден имавме концерт во Загреб исто така на отворено, и на него имавме околу 10.000 луѓе. Велат дека тоа бил добар концерт, и се надевам дека и овој ќе биде така вреднуван бидејќи ја свиревме истата програма.

· Веќе три и пол децении опстојувате на музичката сцена, прво на ју-просторите, сега во Србија и соседството. Која е формулата за успех на момчето од Земун?

- Немав јас некој конкретен план колку долго ќе опстанам, но имаше тука и среќни околности. Најважно е што јас ја сакам оваа работа која ја работам и навистина е среќа кога некој човек го може тоа. Јас никогаш во животот не сум се занимавал со некоја друга работа, туку токму со ова, со музиката, нешто што трае веќе 40 години. Тука е емпатијата со публиката и можеби затоа и толку опстојувам.

· Она што е карактеристично за Вас е вашата позитивна енергија што би рекле „инструктор за позитивна географија". Вие вистински со песните ширите позитивна географија. Како го смисливте тоа?

Па тоа беше сосема случајно. Јас всушност патувам со и низ музиката. Прво шест години со „Рибља чорба", а еве веќе, повеќе од триесетина години патувам со „Инструктори". Најчесто патуваме по



просторите од поранешна Југославија, иако нè има и по другите континенти и некако таа позитивна енергија се обидуваме да ја пренесеме секаде каде што настапуваме.

· Со песните врзувате најмалку три генерации на возрасти... има ли и тука некоја тајна?

- Ние имаме широк распон на публиката што не слуша. Како што некогаш важеше за „Политикин забавник" - „Од 7 до 77", приближно така и нам ни доаѓа таква публика. Ни доаѓаат и „клинци", ни доаѓаат тинејџери, децата од нашите обожаватели од пред 20 години, доаѓаат и луѓе од нашата генерација, но и повозрасни од нас. Навистина е огромно задоволство кога имаш толку „шарена публика".

· Единствено што комбинирате во Вашата музика, освен популарниот рок е и филмската музика. Каков предизвик е филмот за еден композитор?

- Јас навистина го сакам тоа. Досега имав можност да напишам музика за два целовечерни играни филма, и тоа „Ни на небо, ни на земја" од Миша Радивојевиќ и „Професионалец" од Душко Ковачевиќ. Тоа навистина многу ми се допадна и би сакал да продолжам и со таква работа, и како што стојат сега работите, многу е можно да се случи наредната година да имам музика за еден игран филм.

Навистина сакам да го работам тоа долгорочно и кога ќе бидам повозрасен. Сепак тоа е креативен предизвик, затоа што правењето филмска музика отвора широки можности. Во неа можете да ставите некоја тема која трае 15 секунди, или нешто што трае 7 минути, така што не морате да се ограничите на оние 3 минути колку што би требало да трае една песна. На тој начин ми се допаѓа и формата на компонирање и некако убаво оди музиката проследена со слика. Сликата навистина може да те инспирира и, вообичаено, музиката се работи после снимањето. Навистина овие две искуства кои ги имав се феноменални и се надевам дека таквата соработка ќе продолжи.

· Што како искуство ќе понесете од престојот во Карпош?

- Секогаш убави сеќавања. Навистина сакам да доаѓам овде. Се случувало, пред дваесетина години да дојдеме на летна турнеја низ Македонија, па ќе се стационираме некаде во Скопје, во некој хотел и оттука одиме низ земјата. Имаме многу пријатели, а ете ни се случи, не сме биле речиси четири години наназад. Мислам дека ова што свириме за Општина Карпош, за роденденот на Општината, е вистинската работа што ја направивме и се надевам дека луѓето уживаа.

Виолета Цветковска

КАРПОШАНЕЦ ВО СИБИР

Зборот Сибир буди најразлични асоцијации. Од нешто далечно и ладно, па до нешто пусто и казниво. Но, кога човек би имал можност да го почувствува Сибир „одвнатре“ дваесеттина дена, тогаш ќе сфати дека споменатите асоцијации се апсурдни и неточни. Еве зошто.

Таму се наоѓа Новосибирск - третиот по големина град во Руската федерација и втор по економски подем во последните години. Во него се наоѓа еден од четирите академски градови во Русија, со стотици врвни научни институции и илјадници научници. Зданието на операта и балетот, но, и новата зграда на филхармонијата се места каде што можете да чуете и видите врвни музички и сценски изведби во што се уверив преку оркестарот на Новосибирската филхармонија со аргентински танга под палката на маестралниот Виктор Иванов.

Ама во Западен Сибир не е само Новосибирск. Тука е и регионот Горни Алтај со милионскиот главен град Барнаул. Регион кој има исклучително плодна почва и храни добар дел од Русија. Овој дел го викаат руска Швајцарија. Таму е и дачата – куќата на неприкосновениот Путин. Но, таму на четворомеѓето меѓу Сибирска Русија со Кина, Казахстан и Монголија се наоѓа една од постојбините на Аборициниte. Луѓето, како кинеска вазна од династијата Минг, ги чуваат спомените за овие луѓе кои полека се претопуваат во „современата“ цивилизација. Едно чудо фабрики чии оџаци чадат сретнавме по 500 километарскиот пат низ Горни Алтај. За џабе Сибирците не викаат дека развојот на Русија е во Сибир. Да не зборувам за недогледните брезови и борови шуми кои ги штитат полињата од ветриштата.

Низ Сибир поминува реката Об долга „само“ 3300 км која на места е толку широка и голема што со право ја викаат Обско море. Само нејзината вода е доволна да ги напои сите луѓе што живеат во Сибир и да обезбеди струја за големо „парче“ од овој дел на Русија. Малку помала е реката Катуњ, која пак плени со својата боја, околината и брзаците кои се вистински предизвик само за најхрабрите рафтери.

Сибир веќе во септември полека обелува од снегот и станува студен, ама Сибир и неговите граѓани носат и даваат топлина која не сум ја почувствувал никаде во светот. Како се најдов во Сибир? Прв пат во тогашен СССР бев пред 30-ина години како студент на апсолвентска ексурзија и уште тогаш си ветив дека таму морам некогаш да се вратам. Така патот ме доведе во Новосибирск – Западен Сибир, каде што на покана на Државниот Новосибирски Земјоделски универзитет (прворангиран меѓу 36-те во Русија) во својство на визитинг професор одржав десетина предавања пред тамошните студенти и наставниот кадар.

Времето, за наши стандарди, беше студено, ама љубезноста, гостопримливоста и сериозноста на



домаќините го направија овој мој престој незаборавен. Мислев дека љубопитноста беше примарна причина за посетеноста на првите часови, но се излажав. На сите предавања имав преку стотина присутни, а вообичаено, тие кои продолжуваа со интересна дискусија на тема нови технологии и генетско инженерство. Според нивниот однос и она што го видов, можам да заклучам дека луѓето овде сериозно студираат и темелно се занимаваат со наука. Обично аплаузите се наменети за уметниците, но, еве и ние даскалите некогаш ќе „закачиме“ по некој аплауз.

Додека си ги пакував работите воопшто не ми беше сеедно што си одев од овие добри и вредни луѓе, одовој убав град Новосибирск, од фамозниот Сибир и старата, добра Русија. Се навикнав некако на нивната скромност и едноставност, на нивната беспоштедна борба за заштита на традиционалните вредности, на нивнитенаучни и уметнички стандарди од кои сме се уште далеку. Жал ми е што си одам од овие воспитани млади луѓе на кои се обидов да им пренесам малку знаење и искуство, од Валериј и Евгениј моите нови научни колеги, но и побратими, од нивните прекрасни семејства, особено од малите Елисејко, Андрушко, Маша, Јаша и Паша – моите нови другари и од многуте колеги кои ги сретнав и со кои договоривме идна соработка. Иако веќе ме заситуваат долгите патувања, на Русија и Новосибирск изгледа нема да им кажам збогум, туку само довидување.

И кога се вратив дома во моето убаво Тафталице, драгиот Карпош, старото Скопје и малата Македонија, на прашањето како сум поминал, на сите едноставно им кажував. ЛАДНО НА ТЕЛОТО, ТОПЛО НА ДУШАТА. Тоа е Сибир.

Проф. д-р Зоран Т. Поповски

ДВЕ БРОНЗИ ЗА ОПШТИНСКИТЕ СПОРТИСТИ

Претставниците на Синдикалната организација на Општина Карпош, Гордана С. Зафировска, Гордана Максимовска, Ивана Тасевска, Дејан Јонузоски, Александар Арсов и Ненад Зафировски беа дел од екипата на Синдикатот на УПОЗ Македонија кои учествуваа на Осмите спортско-рекреативни средби на синдикатите од јавните дејности на Југоисточна Европа кои се одржаа на Тара – Србија, во периодот од 17 до 20 септември. Учеството на нашите колеги беше забележително и успешно, со освоени две бронзени медали. Гордана С. Зафировска и Гордана Максимовска ја сочинуваа женската екипа во пинг-понг кои во малото финале во борбата за трето место ја совладаа екипата на синдикатот на Босна и Херцеговина и се стекнаа со пехар.

Исто така, Ивана Тасевска беше дел од тројката на Синдикатот на Македонија кои го освоија третото место во баскет за жени. На овој натпревар учествуваа претставници на синдикатите на Србија, Црна Гора, Федерацијата на Босна и Херцеговина, два синдиката на Република Српска и на Република Македонија. Екипата на Македонија ја сочинуваа претставници, спортисти членови на синдикатот на УПОЗ на Македонија. Екипите се натпреварувааа во повеќе дисциплини и тоа: во машка конкуренција во мал фудбал, кошарка, шах пинг-понг и пливање, а во женска конкуренција во баскет, пинг-понг, шах и пливање, како и во мешана конкуренција во стрелаштво, пикадо, пинг-понг и одбојка на песок. Следните-деветти спортски игри ќе се одржат идната година, а домаќин ќе биде синдикатот на УПОЗ на Република Македонија.

Ива Манова







Душан Перчинков, академски сликар



УМЕТНОСТА ПРВА СОЗНАВА

Душан Перчинков е еден од најавтентичните уметници кој ја негува геометриската тенденција во Македонија. Тој создава дела со конкретно геометриски форми и со контролирано користење на бои. Тука дише рационален ред и хармонија, со чисто и пластично прикажување на односите меѓу природниот и урбан свет. Оваа уметност е реализирана надвор од реалноста не презентирајќи никаков објект, а пак самото дело претставува реалност.

Душан Перчинков е роден 1939 година во Скопје. Академија за ликовни уметности завршил во 1963 во Белград и специјализирал сликарство во 1966 година. Во период од 1966- 1969 година делува како слободен уметник и наставник во основните училишта. Од 1972 година е асистент на Архитектонски факултет,а од 1980 година преоѓа на ФЛУ како професор по цртање и сликање. Со графика се занимава од 1970 а од 1980 почнува и со уметнички објекти, кои ги работи се до денес.

Има реализирано многу самостојни и колективни изложби во Македонија и различни Европски градови. За издвојување се учеството на Биеналето во Венеција 1978 година, а во 2013 учеството на Интернационалното графичко биенале во Варна каде добива прва награда. На 23 јули годинава, одржа самостојна изложба со наградени дела во Галеријата „ Остен“

Кој е Душан Перчинков? Што делуваше најмногу на Вашиот стил?

Некој знак за првично пројавени способности доаѓа од сознанието дека другите што можеле да чинат нешто, а јас тоа не сум можел, и дека тоа што јас со леснотија сум можел да го чинам, а и со паралелен интерес, тоа на другите не им одело од рака. Потоа, збор изговорена реченица, од сличните на себе во другарскиот круг, потесниот фамилиарен круг, од наставниците, остануваат доживотно закотвени во свеста. Чувствените насобрани реакции, нивниот мисловен обем, да се претворат во нешто видливо, останало како трајно настојување и предочена цел. Со влезот на Академијата за ликовни уметности се носат мноштво акумулирани набои и нивното разрешување ќе настапува според актуелниот сензибилитет во ликовната уметност од тоа време.

Колку Ве инспирираат пејсажите во Македонија? Или кое е Ваше омилено место што Ве инспирира?

- Се сеќавам на една силна возбуда во моето детство-прво соочување со водата на Охридското езеро. Едно сино парче, по моето долго исчекување, конечно светна меѓу зеленилото, а јас се исправив на нозе од платформата на отворениот камион. Парчето синило исчезна за миг, а во следното појавување беше широко распространето, нешто огромно, во величенствена појавност. Во градот на светлоста, Лихнидос, доминантни преплети на мирно и кричаво бело, виолетови сенки, синило што сонува, блескави треперења на залези. Небото и водата, два архетипски симболи, во своите амбивалентни значења се универзални. Мојата прва средба со море, само ме подсети колку Охридското езеро личи на море. Станува инспиративно се што перцепцијата ќе го забележи во различни простори. Некогаш тоа бил препознатлив пејсаж, но формата му била одредена од заземеното растојание спрема него.

Дали посветувате внимание на она што се гледа, или спротивно, го гледате добро она на што му посветувате внимание?

- Сигурно на она што се гледа. Мора да почнеме од нешто што се гледа, поточно од она видливо што го одвојува за важно перцепцијата. А тоа е и одбележан момент на можноста за прераснување во имагинативна состојба. Уште поважен станува моментот да ја видите кристализирана во нејзината отелотворена форма.

Се вели дека деталот е она од што се раѓа уметноста, и дека деталот е Господ. Дали Вие затоа во својата уметност сте концентрирани на сегментот од нештото ?

- Творечкиот потфат, може да се заинтересира да се сведе на некој концизен минимум, да се затвори во нешто сегментно, како што велите во детал од него, со лаконска духовитост да предизвикува ланчано поврзани алузии на чувствени состојби, нивно комплетно поврзување, човечки реакции, желбени пориви, разни состојби на духот, чиј обем мисловно се затвора. Уметничката свест, нејзината сознавачка моќ, прва открива.

Дали секојдневно посветувате време на својата уметничка активност?

- Слушам глас кој во одреден момент на денот ме наведува на одредена активност, дали да влезам во атеље или да го одложам тој момент.

М-р. Марија Светиева



ЕМ УМЕАМ, ЕМ МОЖАМ-2015

Пред неколку илјади граѓани на 6-ти октомври, српската група САРС, го заокружи 13-то издание на манифестацијата „Ем умеам, ем можам“. Во организација на Секторот за развој при Општина Карпош, се одржа познатиот саемски настан во кој граѓаните на Карпош, но и од целиот град, уживаа од 12 па се до 22.30 часот.

Граѓаните можеа да бидат „сведоци“ на богата музичка програма како и на голем број изложени тезги на македонски производи од млечната, месната и кондиторската индустрија. Истата беше и продажна, а на неа, освен производите од преработувачката индустрија, беа презентирани и изработени дела од вештите раце на ракотворците. Раководителката на Секторот за развој, Евантија Стојановска, изрази огромно задоволство од присутноста на граѓаните и секако, заинтересираноста на бизнис-секторот, за учеството на овој популарен саемски настан на Општина Карпош.

-Оваа година навистина имаме „море“ од учесници коишто беа дел од овој голем настан. Се надевам дека од година во година учеството ќе биде се поголемо, бидејќи ја препознаваат оваа манифестација како бренд на Општина Карпош. И покрај старите пријатели кои учествувале и порано, оваа година, можам да се пофалам дека манифестацијата ни ја збогатија и уште 10-тина фирми кои првпат се претставуваат, и тоа македонски производители од различна дејност.

Целта на манифестацијата беше зближување на граѓаните и запознавање со македонските производители од млечната и месната индустрија, како и промоција на конкурентноста на бизнис-секторот од Општина Карпош, но и од цела Македонија. **В.Ц.**




СТЕФАН МИТИЌ ОД ООУ„ДИМО ХАЏИ ДИМО“ НАЈДОБАР МЛАД БИБЛИОТЕКАР ВО ДРЖАВАТА

Стефан Митиќ од Карпош, е најдобриот млад билбиотекар годинава. Градот Кочани и ЈОУ Библиотека „Искра“, во соорганизација на Библиотекарското здружение на Република Македонија, беа домаќини на најдобрите млади библиотекари на Македонија, кои учествуваа на годинешниот 16-ти Републички натпревар „Млади библиотекари 2015“ кој се одржа на 30ти октомври. На натпреварот учествуваа 23 млади библиотекари од повеќе општини во државата. Комисијата во состав: Блага Спиридонова – претседател, Мара Анастасова и Гордана Пешевска членови, истакнаа дека сите учесници покажале одлично познавање од библиотекарството и точно одговориле на околу 80% од прашањата. Сепак, во сите добри имаше и најдобри. Стефан Митиќ ученик во ООУ „Димо Хаџи Димов“ од Скопје и Игор Стојков ученик во ООУ „Тодор Јанев“ Чашка-Велес натпреварот го завршија со најмногу поени 108, во додополнителните прашања победата сепак ја однесе ученикот Стефан Митиќ.

Признанијата на учесниците и на нивните ментори им ги врачи Благоја Николов, претседател на Библиотекарското здружение на Република Македонија.

Ива Манова



„ЛАЗО ТРПОВСКИ“ И „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ НАГРАДЕНИ ВО ТОКИО

Во рамки на одбележувањето на „70-годишнината од основањето на УНЕСКО“ (проект во кој активно се вклучени 144 земји-членки на УНЕСКО и земји-набљудувачи) две училишта од нашата земја ООУ „Лазо Трповски“ и „Владо Тасевски“ од Карпош се наградени на Меѓународниот литературен натпревар за млади во Токио, Јапонија. Натпреварот е во организација на УНЕСКО и фондацијата ГОИ од Токио, Јапонија. Меѓу наградените на овој реномиран натпревар во својата возрасна категорија е и ученичката Елена Стојкоска од Скопје.

Со прозни лични творби напишани во форма на есеи на тема „Градиме мир во нашите срца и души“ учествуваа 12 960 учесници од 148 земји. Тимовите на основните училишта „Лазо Трповски“ и „Владо Тасевски“ на натпреварот во Токио беа предводени од наставниците Стефан Симовски, предметен наставник по германски јазик и Виолета Панев, предметен наставник по англиски јазик.

Свеченото врачување на наградите ќе се одржи на свеченост во Токио на 1 декември годинава.

И.М.

ГРАДИНКА НА „ЈАХЈА КЕМАЛ“ ВО КАРПОШ

Општина Карпош доби уште една нова предучилишна установа во која ќе бидат згрижени повеќе од 60-на деца. Станува збор за прва приватна детска градинка во рамки на колецот „Јахја Кемал“ во Скопје, која официјално беше пуштена во употреба. Почетната инвестиција е околу 700 илјади евра, а планирана е и дополнителна инвестиција од околу 800 илјади евра. На свеченото отворање присуствуваше министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски како и претставници од колецот „Јахја Кемал“.

Градоначалникот Стевчо Јакимовски, истакна дека Општината аплицирала за грант за средства од Светска банка преку Министерството за финансии, кој веќе е одобрен, по што се очекува во 2016 година да започне со изградба на детска градинка во населеното место Бардовци.

-Со средства на Општината ќе се реконструираат градинките „Мајски цвет“ во Тафталице 2, а со грантот од Светска банка, ќе се гради градинка во Бардовци. Исто така, дел во ООУ „Вера Цировири Трена“ ќе биде пренаменет за приватна детска градинка. Останува да биде реконструирана уште градинката во Карпош 4.

М.Г.



„РАСТЕМЕ ЗДРАВО“

Преку проектот „Растеме здраво“ шефот Влатко Огненовски, познат гастроном и готвач, во соработка со локалната самоуправа, Општина Карпош, ќе ја подигне свеста кај родителите за значењето на здравата исхрана. Проектот се состои од едукативни работилници за родителите и претставување на можностите за приготвување здрави оброци за нивните деца. Во првата фаза на презентации и обуки ќе бидат опфатени сите градинки во Општина Карпош, а потоа проектот ќе продолжи во основните училишта. Работилниците ќе ги предводи шефот Влатко Огненовски. Во кафе барот и ресторанот „Форца“, Огненовски и претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаровски, официјално ја претставија кампањата „Растеме Здраво“.

-За прв пат во Република Македонија, во една општина се спроведува проект од ваков тип. Младите се нашата иднина, па затоа и почнуваме со најмалите, односно со децата во градинките, а потоа ќе продолжиме со спроведување на истиот и во малку поголемата возраст на младите, односно во основните училишта. На тој начин, ќе им покажеме на родителите и на децата, што значи и како да се подготвува храна за тие да израснат во здрави личности. Општина Карпош ја поддржува оваа иницијатива и понатаму ќе продолжиме со исто темпо – рече Сашо Лазаревски.

Околу идеите за овој проект и традиционалната кујна, говореше шефот Влатко Огненовски, врвен светски гастроном и готвач.

-Оваа кампања е наменета пред сé, на најмладата популација на ниво на Општина Карпош и сакаме да обезбедиме нејзина поддршка прво во оваа локална самоуправа. За оваа кампања да биде успешна, барам целосна морална поддршка од околината и прифаќање на моите совети што се однесуваат исклучиво на начинот на исхрана, истакна овој наш вешт кулинар. -Ја започнавме кампањата во која ќе ги споделиме светските искуства, каде ќе имам можност пред најмалите да ги доловам и лично да им ги пренесам сите мои искуства и гостувања во светот – рече Огненовски.

На „медиа ручекот“, присутните имаа можност да се запознаат и да вкусат храна приготвена со нов пристап кон готвењето, односно што всушност значи тоа здрава храна. На трпезата беа послужени богати порции со паштета од мешани сирења со домашен мармалад од пиперки, како и лесна салата со многу зеленчук. Работилниците започнаа да се одржуваат во градинката „Мајски цвет“ во населбата Тафталице, а оттука продолжија во останатите други детски установи низ Општината. Родителите кои ќе ги посетат овие работилници ќе добијат директни насоки за начинот на кој треба да ја приготвуваат храната за своите деца, а ќе имаат можност и да ја дегустираат истата. На крајот на секоја презентација, тие ќе добијат брошура со неделни рецепти, изготвена од вештиот кулинар Огненовски.


Мила Глигорова

Карпош Комуницира

ИНТЕРНЕТ

Bajaga with Bajaga Instruktori
4 November at 09:56 ·

Hvala Karpoš, hvala Skoplje!



И Бајага ни се заблагодари :)

Aleksandar Tiande Opstina za primer, bravo

David Jovanovic Sekoja cest, vaka treba da se odrzuva prirodata, BRAVO

Saso Kostovski Одлична акција на Општина Карпош - е затоа се број 1

Стефка Николовска СТЕВЧО СЕКОГАШ ЗНАЕ ШТО ТРЕБА ДА НАПРАВИ ВО КАРПОШ.ТОЈ ХРАБРО ЧЕКОРИ СО СВОИТЕ ПРОЕКТИ.БРАВО ЗА СТЕВЧО

Stefan Murgoski Bravo za site dosegasni raboti sto se napraveni vo Opstina KARPOS na celo so Gradonacalnikot STEVCO JAKIMOVSKI

КАРПОШ4 ДОБИ 300 НОВИ ДРВЈА



Џото @Giotto_mkd · Nov 3
Каде да пријавам камион кој истура градежен шут кај мене во маало?

Ina @mnogufina · Nov 3
@Giotto_mkd Во општина

Џото @Giotto_mkd · Nov 3
пријавено на општински комунален инспектор

Ina @mnogufina · Nov 3
@Giotto_mkd @JustADweller @OpstinaKarpos е брза за тоа, чув Стевче одел лично на врата кај луѓе шо реновирале да ги казни ако не пријавиле!

Секој вторник во 9.30 часот на радио **Урбан ФМ 90.8** слушајте ги најновите вести од Општината кои ги уредува Одделението за односи со јавност

www.karpos.gov.mk

Изработила: Ива Манова

Моника Стефановска

КАРАТЕТО КАКО ПОТТИК

Моника Стефановска е родена на 24 јули 1991 година во Тетово. Денес живее во Скопје, во Општина Карпош. Успешен студент на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од кој ја делат уште неколку испити до нејзината диплома. Како успешен студент ја красат и бројни признанија и награди.

Од најмлади години силно го развива духот на нејзиното спортско изградување во доменот на карате спортот. Таа заедно со нејзината сестра Наташа магистер на правни науки, од поодамна зачекориле во карате водите од кои нема враќање. Како и секој спортист, така и Моника имаше свој идол кој силно ја потикнуваше во определбата на изградувањето и негувањето во карате спортот. Со голема воздржаност и скромност која во основа ги краси безмалку сите спортисти, Стефановска ќе ги спомене македонските врвни спортисти како што беа: Стевче Јакимовски, поранешен репрезентативец од Македонија во карате и петкратен републички првак, Бошко Заборски актуелен карате тренер, Наташа Илиевска и други кои преставуваа предизвик и мотив за успешно експонирање во карате спортот.

Денес Моника Стефановска е член на карате клубот „Макпетрол" од Скопје чие седиште се наоѓа во општината Карпош и е еден од водечките карате клубови во Републиката.

Занимавајки се од поодамна со карате спортот, Моника Стефановска ја красат бројни признанија, награди и освоени врвни резултати на општинско, републичко и балканско првенство, но и учество во светскиот куп.

Од многуте добиени награди и признанија за одбележување се освојувањето на Прво место на Државното првенство за сениори во категорија кумите до 68 кг (2009-2015); Прво место на Државно првенство за јуниори (2009-2012); Прво место на Државно првенство за јуниори во категорија јуниорки (2007-2009); Трето место на Медитеранско првенство во Бар, Република Црна Гора; Трето место на Медитеранско првенство во Бари, Италија; Трето место на Балканско во Ларанака, Кипар; Петто место на Евопско првенство за сениори во екипна категорија (со Наташа Стефановска и Симона Заборска) во Истанбул, Турција (2015); Трето место на Балканско првенство за сениори во екипна категорија (со Наташа Стефановска, Симона Заборска и Сара Радичевска) во Чачак, Р. Србија (2015); Петто место на Светски карате куп за сениори во Лашко, Словенија (2013); Петто место на Светска карате премиер лига за сениори во Истанбул, Турција, 2013 и др.



Во 2011 година е прогласена за помлада спортистка на годината на Република Македонија.

Заради потигнатите успеси, Стефановска е чест гостин кај градоначалникот на Општина Карпош Стевче Јакимовски и кај градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски.

Моника Стефановска со своите постигнати резултати има добиено стипендија доделена од Општината Карпош за талентирани спортисти а е на прагот на доделување на престижната меѓународна стипендија која ја доделува Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија за успешни спортисти.

И посакуваме натамошни успеси.

Проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски

Здружение на пензионери „Тафталиџе ДДД“

ИНТЕНЗИВИРАНИ АКТИВНОСТИ

Меѓу 53 здруженија на пензионери во Р. Македонија со околу 280.000 членови, спаѓа и ЗП „Тафталиџе ДДД“, во кое членуваат 6.600 граѓани на Општина Карпош, активни чинители во севкупните процеси на функционирањето на локалната самоуправа и нејзиниот развој. Соработката со општината е посебно интензивирана со потпишувањето на Спогодбата за соработка (23.мај 2012 год.).

Во контекст на ова, Општината (градоначалникот Стевчо Јакимовски и Советот), се грижат за потребите и проблемите на нашите највозрасни граѓани кои, пак, се меѓу најредовните учесници во активностите од културно – забавниот живот, како и во спортските, хуманитарните и другите рекреативни активности.

Една од позначајните карактеристики во методот на работа на раководството на ЗП „Тафталиџе ДДД“, на чие чело е Димитар Димовски (претседател на Собранието и на Извршниот одбор), е реализацијата на нивната Програма за работа која се остварува континуирано во текот на календарската година.

Во рамките на ваквата определба, изминатите два месеца (септември и октомври), беа исполнети со голем број содржини, за што не информира претседателот Димовски.

На 3.септември остварена е посета на СОС – Детското село во населбата Ченто и во таа пригода на децата им се поделени пригодни подароци (книги, играчки, кондиторски производи).

На 4 септември, како учесници на 20.јубилејни републички пензионерски спортиски натпревари во Скопје, на кои учествувале 41.ЗП со 397 пензионери – спортисти, во 11 дисциплини, во пикадо, во машка конкуренција, екипата на ЗП „Тафталиџе ДДД“, го освои првото место, за што им се врачени медали, а најдобар поединец во пикадо е Славе Симовски, кому му е врачен посебен пехар.

Исто така, во текот на септември, организирани се: еднодневна посета на Охрид (150 учесници); посета на Власинско Езеро, Р.Србија (100 учесници); на Попова Шапка (150 учесници), а 30 пензионери учествувале на пикник во организација на Градскиот одбор на ЗП на Скопје.

Според рекапитуларот на остварените во текот на октомври, значајни за одбележување се: предавањата на тема аритмија и дијабетес, коишто во соработка со Црвениот крст, се организирани во пензионерскиот клуб „Никола Карев“, во УЗ Карпош 3.

„Покрај ова, на 29. октомври, на покана на ЗП „Гази Баба“, 15 претставнички на Активот на пензионерки од ЗП „Тафталиџе ДДД“, учествуваа на заедничка средба во рамките на редовната соработка и размена на искуства, а на 30. октомври, во соработка со Црвениот крст, организиравме посета на Домот за стари лица „Мајка Тереза” во Злокуќани. Во оваа пригода, на станарите им беа поделени подароци а членовите на хорот при Здружението исполнија неколку хорски композиции”, нагласи во краткиот разговор претседателот, Димитар Димовски.

Живко Трајановски



ТВИТЕР ХУМОР

@mentalen
Животот ти е ко Рубикова коцка. Колку побрзо знаеш да ја наместиш, толку побрзо ќе се најде некој да ти ја растури.

@legovski
Не е битно кој ке пише прв.
Ако сакаш нешто, go for it. Подобро е неуспех и нова цел, него вечна надеж и ништо друго.



@TheFitzzz
Возрасен си коа
- Гасиш бојлер на скупа струја
- Идеш со автобус коа не се брзаш
- Не јадеш у град коа дома има ручек
- Ќутиш коа збори она!

@idj_o
-Тато ќе ме носиш кај Ведран на роденден?
-Да, а Ведран добро дете ли е?
-Тато не ме прашувај, сите машки се исти
-О.о
#ќерками на 5 години

Изработила: Ива Манова



КАРПОШ-ПРИМЕР ЗА УСПЕШНА СОРАБОТКА СО ДОЛНА НОРМАНДИЈА

Во рамки на соработката помеѓу Долна Нормандија и Македонија, на 3 и 4 ноември, се одржа годишната средба на Управниот комитет на која присуствуваа претставниците од збратимените општини од нашата земја и овој регион на Франција. Состанокот на Управниот комитет го отвориja партнерите во институционална соработка, амбасадорот на Франција во Македонија, Лоренс Оер, заменик министерот за локална самоуправа, Љупчо Пренџов, раководителот на меѓународни односи на Регионалниот совет на Долна Нормандија, Сабин Гише Лебаји, и генералниот секретар на АЛДА (Европското здружение за локална демократија), Бардил Јашари. Во своето излагање, заменик министерот за локана самоправа Љупчо Пренџов, во име на Министерството за локална самуправа ја истакна поддршката на ваквиот вид соработка и потенцираше дека таа во иднина треба да се развива на повеќе полиња, но посебен акцент треба да се стави на економската соработка.

На средбата претставници на Општина Карпош беа Роберт Јанковски и Љупка Најдановска, кои имаа свое излагање во кое го елаборираа досегашниот тек од соработката меѓу Карпош и Флери сир Орн, како и амбициозните проекти кои треба да се реализираат во 2016 година.

Со Управниот комитет претседаваше Сабин Гише Лебаји од регионот Долна Нормандија, која истакна дека веќе 10 години оваа соработка придонесува за успешен развој и имплементација на проекти од областа на локалното владеење преку размена на искуства во доменот на децентрализација. Пријателите од Франција изразија нескриена поддршка во процесот на интеграција на Македонија во ЕУ.

Од страна на Ивана Димитровска, раководител на Канцеларијата за соработка меѓу Долна Нормандија и Македонија, беше истакнато учеството на Општина Карпош во соработката со Долна Нормандија, како мошне успешен пример, нагласувајќи дека Општина Карпош во текот на ноември ќе добие покана за членство во Европската асоцијација за локална демократија – АЛДА.

Соработката помеѓу Регионот Долна Нормандија и Република Македонија е поддржана од Регионалниот совет на Долна Нормандија, Министерството за надворешни работи на Франција, Министерството за Надворешени работи на Македонија и Министерството за локална самоуправа на Македонија. Програмата за соработка е координирана од страна на АЛДА – Европска асоцијација за локална демократија.

„АВРАМ ПИСЕВСКИ“ ПОБЕДНИК ВО ФУДБАЛСКИОТ КУП

На фудбалското игралиште во Спортско рекреативниот Центар „Никола Карев“ се одигра финалниот натпревар во фудбалскиот куп кој се одржа во рамките Деновите на Општина Карпош. Резултатот од финалното дерби завршри со 2:0 за ООУ „Аврам Писевски“ кој се стекна со победничкиот пехар. Пехарот на најдобрите им го додели градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски. **И.М.**



ОДБОЈКАРСКИ КУПСКИ ПЕХАР ЗА ООУ „ЛАЗО ТРПОВСКИ“

Одбојкарките на ООУ „Лазо Трповски“ заслужено го освоија пехарот за овогодинашниот одбојарски куп. На победничките, Претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаровски свечено им го додели пехарот и им посака уште многу успешни натпревари оваа сезона. **И.М.**



ПОБЕДНИЧКИ ПЕХАР ЗА КОШАРКАРИТЕ НА ООУ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“

Кошаркарите на ООУ „Војдан Чернодрински“ го освоија пехарот за овогодинашниот кошаркарски куп. Во спортската сала на СРЦ „Борис Трајковски“ се водеше вистинска спортска битка меѓу екипите на ООУ „Јан Амос Коменски“ и ООУ „Војдан Чернодрински“ и крајниот резултат изнесуваше 52:50 кошеви. Најефикасни играчи од двете екипи беа Лука Савичевиќ од ООУ „Јан Амос Коменски“ и Давид Наумовски од ООУ „Војдан Чернодрински“. **И.М.**





БИЗНИС БАСКЕТ ТУРНИР

Во спортска и навивачка атмосфера, на спортските терени во СУГС „Орце Николов“, се одржа Бизнис баскет турнир.

Во организација на Општина Карпош, а во соработка со спортскиот центар „Форца“, турнирот ќе трае цела година, а натпреварите ќе бидат поделени во два дела, есенски и пролетен. Право на учество имаат сите бизнис компании без разлика дали се од државниот или од приватниот сектор.

Претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаровски, ја отвори спортската манифестација со желба да победи најдобриот тим.

-Ваква манифестација се организира за прв пат во Република Македонија. Оваа година пријавени се за учество 11 екипи, но се надевам дека секоја година ќе се пријавуваат сé повеќе и повеќе, и со тоа истата ќе прерасне во традиционална. Им посакувам многу среќа и успех на сите екипи кои се пријавија оваа година и нека победат најдобрите, порача Лазаровски.

Околу организацијата на овој спортски турнир говореше и директорот на спортскиот центар „Форца“, Димитар Делевски.

-Овој натпревар е замислен да биде како тим билдинг натпреварување, но и покрај тоа, заинтересираноста на тимовите како прв спортски настан од ваков тип, е огромна.

Општина Карпош и спортскиот центар „Форца“ обезбедија вредни награди за најдобрите три тима. По напорните натпревари, за најдобрите бизнис тимови следи награда, прво место – викенд во Грција, за второ место – викенд во Боровец и за трето место – годишен договор за користење на баскет теренте во СУГС „Орце Николов“. **М.Г.**

„УЛИЧНА“ КОШАРКА ВО КАРПОШ - MENITOO STREET BASKET

На територијата на Карпош се одржа премиерниот Менито стрит баскет (Menitoo Street Basket), кој беше во организација на „Менито“-веб портал за онлајн нарачки за храна, а Општина Карпош е поддржувач на целата оваа спортска манифестација. Љубителите на уличната кошарка имаа можност да се пријават тимски, да играат и да се забавуваат. Освен што се играше „баскет“, целодневниот настан изобилуваше и со богата музичка програма, храна и пијалоци како и друштвени игри за сите посетители. Освен турнирот што е од забавен карактер, на истиот се доделуваа награди за најдобрите и тоа: за прво место, „Сони Екшн камера“, ваучер за спортска опрема во вредност од 10.000 денари како и ваучер за нарачки на храна од „Менито“- во вредност од 10.000 денари. За второпласираните се доделија ваучери за спортска опрема во вредност од 6.000 денари, ваучер за нарачки на храна од „Менито“- исто во вредност од 6.000 денари, како и Менито Стрит баскет маици. Играчите кои го освоија третото место добија ваучер за спортска опрема во вредност од 3.000 денари, ваучер за нарачки на храна од „Менито“- во вредност од 3.000 денари и Менито стрит маици. **М.Г.**





ПЕСОЧНО „ЗЛАТО“ ЗА „ЛАЗО ТРПОВСКИ“

На вториот по ред турнир во „Одбојка на песок“, во напната атмосфера, се одиграа последните натпревари за оваа година. Златото оваа година „падна“ во рацете на „ултра“ талентираните одбојкарки од ООУ „Лазо Трповски“, а второто место го зазедоа одбојкарките од ООУ „Петар Поп Арсов“, кои до последен здив се бореа за првото место. Третото место го освоија ученичките од ООУ „Димо Хаџи Димов“. Претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаревски на победниците им го врачи пехарот, кој ќе ги краси полиците во ООУ „Лазо Трповски“. -Општина Карпош уште еднаш покажа дека е лидер во практикување на училишни спортови, а учениците посветуваат огромен интерес за сите настани кои ние ги организираме. Големо задоволство за сите нас кои сме вклучени со активностите како Советот, градоначалникот и Општината, претставува тоа што младите се повеќе се приклучуваат и во училишните спортови и во спортските клубови.

М.Г.

ООУ„ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“- ПОБЕДНИЦИ НА ПЕСОЧНИОТ ТУРНИР ВО ФУДБАЛ

Одделението за спорт и култура при Општина Карпош успешно го организираше турнирот „Фудбал на песок“ кој се востанови за првпат оваа година. По елиминаторните натпревари помеѓу учениците-спортисти од десетте основни училишта од Општина Карпош и основното приватно училиште “Јахја Кемал“, фудбалерите од ООУ „Димо Хаџи Димов“ во финалето успеаја да ги совладаат своите противници, учениците од ООУ „Аврам Писевски“ и да завршат на првото место. Второпласираните ученици од ООУ „Аврам Писевски“ не „потклекнаа“ со духот и најавија дека догодина ќе се обидат тие да бидат на победничкиот пиедестал. Во рамките на турнирот, третото место го освои училишниот тим од ООУ „Лазо Трповски“, кои неуморно играа до последниот здив на спортските терени на кејот од реката Вардар, Градска плажа. Победничкиот пехар на основците од ООУ „Димо Хаџи Димов“ им го врачи претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаревски и им посака уште многу други успешни фудбалски натпревари.

М.Г.



УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ЛИГИ-ЕСЕНСКИ ДЕЛ

Во спортска и навивачка атмосфера, се одржуваат седмите по ред училишни спортски игри, кои се во организација на Одделението за спорт и култура при локалната самоуправа. На нив учествуваат учениците од десетте основни училишта од Карпош кои нетпреливо очекуваа да започнат натпеварите. Основците во текот на есенскиот и пролетниот дел од училишните игри, ќе си ги одмерат силите во неколку спортски дисциплини. Првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски, со својот поздравен говор, официјално ги прогласи за отворени спортските училишни лиги, кои се одржаа во СЦ „Форца“. Основците од десетте основни училишта ќе се натпреваруваат во фудбал, одбојка за девојчиња, кошарка, ракомет, пин понг и шах. За најуспешните тимови, како и за најдобрите играчи, на крајот од лигата следува наградна екскурзија, во некоја од збратимените Општини, но и едногодишна спортска стипендија. Основна цел на игрите е да се подигне спортскиот дух, да се поттикне желбата за борба и да се научат децата од најмала возраст да ги прифатат победите, но и поразите.

М.Г.

ХОРОСКОП



Јоана Станиќ

Ноември '15

ОВЕН-На љубовен план стабилна ситуација во првта половина на месецот, а во втората ќе дојде до израз љубомората. Добар период за отпочнување на нови работни договори, но со одредена доза на внимание. Повеќе одморајте.

БИК-Ќе бидете наклонети кон флертови и авантури. Внимавајте во однесувањето со партнерот, не предизвикувајте ја неговата трпеливост. Месец на добри соработки и добри финансиски резултати. Кон крајот на месецот ќе бидете подложни на стрес и настинки.

БЛИЗНАЦИ-Во овој период во вашиот љубовен живот ќе се појави една или повеќе особи кои со својот шарм ќе го окупираат вашето внимание. На работен план ќе вложувате многу енергија и труд. Можни се инфекции на уринарниот тракт.

РАК-Не е исклучено дека ќе се заљубите во овој период, а оние во долги врски ќе имаат ренесанса во односот. Зголемените трошоци нема да ги надвладеат вашите добри резултати од претходниот период. Внимавајте на здравјето и правете редовни лекарски контроли.

ЛАВ-Одличен период малку повеќе да се посветите на љубовта, а слободните ќе имаат можност за започнување на стабилна љубовна врска. Нагласено ви е полето на комуникациите и искористете го за преговори. Здравје добро.

ДЕВИЦА-Воздржете се од критикување на партнерот. Слободните ќе имаат можност за сексуални авантури, но тие нема да ви донесат емотивно задоволство. На работен план многу притисоци, можна е и промена на работното место. Загубата на енергија и исцрпеноста ќе бидат нагласени затоа повеќе одморајте.

ВАГА-Период во кој ќе добиете она што ќе посакате. Сепак крајот на месецот носи тензии и недоразбирања. Работните обврски ќе ви претставуваат товар и не е поволен период за новитети. Повеќе сон.

СКОРПИЈА-Можност за нова емотивна врска која на почетокот ќе биде далеку од очите на јавноста. Потрудете се повеќе да соработувате со соработниците и колегите. Конзумирајте свежо овошје и грижете се за имунитетот-наклонети сте кон инфекции во овој период.

СТРЕЛЕЦ-Некое пријателство може да прерасне во страствена љубовна врска кај оние кои се во брак можни се мали недоразбирања. Краткотрајните успеси, а долгорочните планови нема да се одвиваат онака како што сакате вие. Покажете поголемо трпение. Спортувајте.

ЈАРЕЦ-Можно е да се вљубите во личност од вашето работно опкружување. Оние кои се во стабилни врски ќе треба повеќе внимание да му посветуваат на партнерот. На работен план тековни обврски, а во втората половина на месецот тие ќе бидат интензивирани. Јога и прошетки.

ВОДОЛИЈА-период во кој ќе имате голем број на нови познанства, но кои не гарантираат и емотивно задоволство. Ќе бидете задоволни од постигнатите резултати на работа, но сето тоа нема да биде без голема количина на стрес. Може да имате повеќе хонорарни работи. Прошетки во природа.

РИБИ-Очекувајте подобра љубовна клима во овој период. Голем број емотивни недоразбирања ќе бидат надминати. Вредно ќе работите на сопственото усовршување и не презамајте повеќе обврски отколку што можете да поднесете. Посетете стоматолог.

Бахова цветна терапија

CRAB APPLE (MALUS SYLVESTRIS) - ЈАБОЛКО



Crab Apple (јаболко) е препарат кој ја чисти душата и телото и се препорачува на луѓе кои се чувствуваат психички и физички валкано и со ниска самодоверба.

Присутен е претеран нагон за чистотија, ред, перфекција која може да премине во претерано фиксирање на детали, се со цел за сопствен перфектен изглед и на околината. Постојаното миење на раце, туширање повеќе пати дневно, не е ништо необично за овие луѓе. Стравот од инсекти, бактерии, заразни болести, расипана храна кај нив постојано е присутен. Се она што отстапува од идеална, но не многу реалистична слика која ја имаат овие личности која ги нервира и ги оптоварува.

Типично за овие личности е неможноста да ги започнат работните обврски доколку не им е перфектно средено работното место.

Овие особи се многу сензитивни и приметуваат повеќе отколку што можат да поднесат. Се запираат на детали и така забораваат на целта што ја имаат пред себе.

Crab Apple им е неопходен на луѓето кои премногу се срамат како и во случај на мали телесни симптоми како што се мали егземи или првут.

Исто така, на личностите кои имаат проблеми кога треба да стапат во физички контакт со други личности: бакнеж, ракување, доење на дете и сл.- потребни им се овие капки.

Капките можат да се користат и како лосион (неколку капки од екстрактот се стават во вода) кој се нанесува на егземата, компреса или купка (10 капки).

Crab Apple се користи како поддршка кај пост, кај настинки, после хемотерапија, терапија со антибиотици и сите процеси на чистење на организмот. Овој Бахов билков екстракт се препорачува и на личности кои работат со болни луѓе за да успеат да ја отстранат негативната (болна) енергија.

Позитивниот потенцијал на овој билков препарат е враќање на позитивниот пристап кон самиот себе и прифаќање на сопственото тело со сите маани.

Новата позитивна слика за себе самиот доведува до поопуштен пристап кон сопствениот изглед и околина. Со користење на препаратот стануваат похрабри во согледувањето на сопствените маани и доведува до поопуштен пристап кон сопствениот физички изглед и околина. Со земање на препаратот стануваат похрабри во согледувањето на нашите доблести и негативности. Се надминува чувството на срам заради она што се и почнуваат да се прифаќаат себе си. Почнуваат да се сакаат себеси заради себе самите. Насоченоста кон ред и чистота останува, но таа не е сама по себе цел туку е нормализирана.

Болести од кои можат да боледуваат Crab Apple во негативна состојба се: умор, кожни алергии, мозолчиња, псоријаза, брадавици, напад на астма кај оние кои неможат да ја прифатат нечистотијата, гадење, повраќање кај оние кои се чувствуваат морално валкани, труења од злоупотреба на алкохол, дроги и лекови, негирање или откажување од секс, болки во зглобовите и ревматизам, садомазохизам, болести на зависност, полови болести, задржување на вода, хроничен синузитис, токсични или инфективни процеси.

Јоана Станиќ

БАЈАГА ГО „СТОПЛИ“ КАРПОШ

